# ЗНМ: Пресудата од Стразбур повлекува одговорност

10.02.2017 13:29

**Ова е доказ дека институциите во државава потфрлија во исполнувањето на основната задача да ги штитат и промовираат човековите права, рече Селмани...**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet




Пресудата на Европскиот суд за настаните од 24-ти декември 2012-та година, кога новинарите беа насилно избркани од галеријата на Собранието, е прва со која се утврдува повредата на правото на слобода на изразување и на фер судење, изјави претседателот на Здружението на новинарите на Македонија, Насер Селмани.

Одлуката е црвен картон за грешките на Собранието и на Уставниот суд, институции кои треба да бидат гаранти за заштита и промоција на човековите права, рече Селмани додавајќи дека во овој случај не смее да се заборави ниту одговорноста на полицијата која послужи како инструмент за кршење на човековите права.

Ова е доказ дека институциите во државава потфрлија во исполнувањето на основната задача да ги штитат и промовираат човековите права, па затоа ЗНМ, додаде Селмани, ќе побара одговорност од Уставниот суд, Собранието и од полицијата.

продукција



Стисни плеј

СТИСНИ ПЛЕЈ
Петок, 22:00

промо




ТВРДОКОРНИ
Петок, 13:55

Животот и смртта на македонските револуционери, нивното влијание и трагите што ги оставиле тема на играната серија „Тврдокорни“.

ИГРАНА ПРОГРАМА



ЏИ АЈ ЏО: ПОДЕМОТ НА КОБРАТА
Понеделник (27.02.2017) 20:15




ПОД БУДНО ОКО
Вторник (28.02.2017) 20:15




ЧЕВЛАР
Среда (01.03.2017) 20:15